# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ КОМПЈУТЕРСКИ НАУКИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство – Скопје, објавен во весникот „Нова Македонија“ од 16 април 2025 година, за избор на асистент во наставно-научната област компјутерски науки, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 40, донесена на 24 април 2025, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Горан Велинов, претседател, редовен професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, д-р Боро Јакимовски, редовен професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и д-р Иван Чорбев, редовен професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на асистент во наставно-научната област компјутерски науки, во предвидениот рок се пријави само кандидатот м-р Ненад Анчев.

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот м-р Ненад Анчев е роден на 5.9.1990, во Штип. Средно образование завршил во гимназијата „Славчо Стојменски“ во Штип, со континуиран одличен успех. Со високо образование се стекнал на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје, во 2013 година. Дипломирал на 9.7.2013 година, на насоката Академски студии по информатика – компјутерски архитектури и мрежи, со просечен успех 9,72.

Кандидатот активно се служи со англискиот јазик, а има основни познавања и од германскиот и шпанскиот јазик.

Во учебната 2017/2018 се запишал на втор циклус (магистерски) студии на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје, на насоката Компјутерски науки. Студиите ги завршил во 2020 година, со просечен успех 9,71. На 12.6.2020 година го одбранил магистерскиот труд на тема: „Адаптивни модели за симулација на аерозагадување“.

Кандидатот е запишан на трет циклус (докторски) студии во 2020 година на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје.

Од март 2019 година, кандидатот е ангажиран како демонстратор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство. Од септември 2022 година, кандидатот е избран за асистент на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

### 2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

**<u>Наставно-образовна дејност</u>**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, кандидатот м-р Ненад Анчев изведува аудиториски и лабораториски вежби на прв циклус студии на сите студиски програми на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, на следниве предмети: Архитектура и организација на компјутери, Оперативни системи, Алгоритми и податочни структури, Бази на податоци, Компјутерски мрежи, Напредни бази на податоци и Дистрибуирани системи.

Кандидатот учествувал како член во комисија за оцена/или одбрана на 3 дипломски труда, на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје.

**Научноистражувачка дејност**

М-р Ненад Анчев има објавено вкупно 2 научни труда во областа компјутерски науки на конференции, проследени во меѓународни научни публикации, и тоа:

1. Spiridonova, I., Velinov, G., **Anchev, N.**, & Petkovski, G. (2024). Overview of initialization methods in the Weather Research and Forecasting (WRF) model: A survey. In Proceedings of the 21st International Conference on Informatics and Information Technologies (CIIT 2024). Faculty of Computer Science and Engineering, Ss. Cyril and Methodius University. https://ciit.finki.ukim.mk/proceedings/ciit-2024-proceedings.pdf
2. Petkovski, G., **Anchev, N.**, Spiridonova, I., & Jakimovski, B. (2024). Docker infrastructure for WRF and WRF-Chem processing pipelines. In Proceedings of the 21st International Conference on Informatics and Information Technologies (CIIT 2024). Faculty of Computer Science and Engineering, Ss. Cyril and Methodius University. https://ciit.finki.ukim.mk/proceedings/ciit-2024-proceedings.pdf

М-р Ненад Анчев учествувал во следните три меѓународни научноистражувачки проекти:

1. EuroCC, European High Performance Computing Joint Undertaking (JU), 2020 – 2022.
2. EuroCC4SEE: National Competence Centres in the framework of EuroHPC, 2024 – 2025.
3. URBANFLOODS: Strengthening Flood Resilience Across the Adriatic-Ionian Region, 2024 – 2027.

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатот м-р Ненад Анчев доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на м-р Ненад Анчев.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека м-р Ненад Анчев поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето асистент во наставно-научната област компјутерски науки.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје, м-р Ненад Анчев да биде избран во звањето асистент во наставно-научната област компјутерски науки.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Горан Велинов, с.р.**
**Проф. д-р Боро Јакимовски, с.р.**
**Проф. д-р Иван Чорбев, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Анчев Ванчо Ненад
**Институција:** Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство
**Научна област:** компјутерски науки

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ ИСТРАЖУВАЧ

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити | да |
| 2 | Стекнат назив – магистер по информатички науки и компјутерско инженерство од областа компјутерски науки | да |
| 3 | Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот и на вториот циклус академски студии посебно<br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,72.<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 9,71. | да |
| 4 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: TOEFL IBT<br>3. Издавач на документот: Educational Testing Services USA<br>4. Датум на издавање на документот: 14.12.2012 | да |